Бр.41-113/12
23.03.2026 година

# ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 година

Во текот на 2025 година ЛСВ одржа вкупно 6 седници за кои е доставен детален записник. Во соработка со општинската администрација на веб страната на општината, ЛСВ има посебно копче на кое можат да се најдат сите документи поврзани со работата на ЛСВ, листа членови со контакти, промотивна брошура, деловник за работа, записниците од сите седници и Стратегијата за волонтерство.

Во текот на месец мај 2023 година Советот на општина Битола ја усвои Локалната стратегија за промоција и развој на волонтерството на општина Битола 2023 – 2026 година. Општа цел на Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството во општина Битола е постојан развој, промоција и јакнење на волонтерството во општина Битола. ЛСВ на своите седници подготви годишен акционен план за реализација на активностите предвидени во Стратегијата.

ЛСВ во соработка со општина Битола го објави повикот за поддршка на волонтерски акции во општина Битола. Вкупниот фонд за поддршка беше зголемен на 300.000 денари, со тоа што максималниот буџет за поддршка на една волонтерска акција е до 30.000 денари.

На јавниот повик за поддршка на волонтерски акции кој го објави општина Битола (критериуми, апликација и пропратни документи) имаше доставено вкупно 19 апликации.

Апликации кои ги исполнуваат критериумите и добија доволен број на бодови беа вкупно десет, и тие се:

- "Студио Езгија" ТП Битола
- "Лајонс Клуб Кабадаја" – Битола
- Регионално географско друштво "ГЕОСФЕРА" – Битола
- "Младински културен центар" – Битола
- Извиднички одред „Молика“
- "3Г Смарт дигитал хаб" – Битола
- Младинска асоцијација "ИМКА"
- Здружение за психолошка и социјална поддршка – "СЕГА И ОВДЕ", Битола
- ЗПОС "Лоотус Ј Њу бигининг" – Битола
- ДПД "Архангел" - Битола

ЛСВ препорача на соодветната комисија во општина Битола да ги поддржи сите 10 апликации. Препораката беше во целост прифатена.

Подетален опис за реализацијата на волонтерските акции:

- "Студио Езгија" ТП Битола – одржување на концерти и изучување на традиционални инструменти. Настани на кои се зеде активно учество: Велигденски кукли, Иселенички денови – Ехо од дамарите, Иселенички средби во Љубојно, Семакедонска средба во Трново, Трчај бе, Качамак ТВ Сител, Зимска приказна.

- "Лајонс Клуб Кабадаја" Битола – Унапредување на условите во училишната средина. Подобрување на условите за реализација на настсвата по физичко образование. Создавање на дополнителен простор за изведување на физички вежби – трим кабинет.

- Регионално географско друштво "ГЕОСФЕРА" Битола – хортикултурно разубавување на ОУ "Даме Груев" – Битола. Обучени и активирани во волонтерските активности 50 ученици. Поставени 2 клупи, 2 корпи за отпадоци, засадени 15 зимзелени високостеблести насади, 50 корења сезонско дворско цвеќе, и 20 саксиски растенија.

- "Младински културен центар" – Битола, Промоција на волонтерството и развој на свест за еколошки здрава животна средина. Подобрување на естетските услови и уредување на школскиот двор на СОУ "Таки Даскало" – Битола. Формирање на зелен појас меѓу улицата "Димитар Илиевски – Мурато" и СОУ "Таки Даскало" со монтиран систем капка по капка.

- Извиднички одред "Молика" – Извидништво во функција на наставата. Адаптација на училница во подрачно училиште "Елпида Карамандии" во с. Цапари. Работилница на тема зошто сакам да сум волонтер, интерен ликовен конкурс на тема мојот извиднички одред, расчистена училница и креиран погоден и пријатен простор за одржување на настава во адекватна просторија.

- "3Г Смарт дигитал хаб" – Битола. Еко – волонтерска акција за чистење и бојадисување на ходник и соблекувални во склоп на спортската сала во ОУ "Ѓорги Сугарев" – Битола. Исчистени, бојадисани и визуелно подобрени 2 соблекувални, 2 ходници и 2 тоалети.

- Младинска асоцијација "ИМКА". Развој на волонтерството и организирање на волонтерски акции. Подобрување на условите за одмор и рекреација на студентите на Педагошкиот факултет. Беше извршено чистење на дворот, собирање и отстранување на отпад, косење и уредување на зелените површини.

- Здружение за психолошка и социјална поддршка "СЕГА И ОВДЕ" – Битола. Работилница за едукација и истражување на значењето на грижата за себе, грижа за околината и активно вклучување за подобрување на училишниот простор. Одржана работилница и создавање на декоративен простор во училишниот двор.

- ЗПОС "Лоотус Ј Њу бигинингс" – Битола во партнерство со СОУ "Таки Даскало" со цел создавање на чиста, безбедна и инспиративна училишна средина преку волонтерска акција.

- ДПД "Архангел" – Битола – во соработка со ООУ "Коле Канински" – уредување на значајни локации во Општина Битола.

ЛСВ го организираше промотивниот настан „Зошто волонтирам?“ кој се одржа во четврток 5-ти декември 2025 година во младинскиот центар со почеток во 12:00 часот. На настанот имаше панел дискусија на која што дискутираа претставнник пожарникар волонтер од друштвото ДПД "Архангел" од Битола, претставник на стационарот за кучиња "Хачико" од Битола како и двајца странски волонтери кои волонтираат во Битола.

Локалниот совет за волонтерство на општина Битола (ЛСВ), додели и 5 награди за волонтерски ангажман за 2025 година.

Добитници на плакета за волонтерски ангажман за 2025 година се:

- Доброволно противпожарно друштво ДПД „Архангел“ – Битола
- Тимот на иницијативата „Еко Розе“ – ученици и професорка ментор од средното општинско економско училиште "Јане Сандански".
- Иницијативата „Волонтерско цртање во Зоолошката градина“ – ученици и наставничка од ОУ "Елпида Караманди" од Битола
- Јулијана Делев за волонтерска организација на настанот „Хуманитарна вечер со македонски автори“
- Лина Чашитовска за нејзиниот волонтерски ангажман како лидер на клубот на млади на ОО "Црвен крст" – Битола

Наградите ги доделија Претседателот на ЛСВ Александар Јаневски и градоначалникот на Општина Битола Тони Коњановски.

Локален совет за волонтерство на општина Битола

Претседател

Александар Јаневски

Битола, 2026 година

Локален Совет за Волонтерство на Општина Битола
sovetzavolonterstvobt@gmail.com
www.facebook.com/sovetzavolonterstvobitola